Друштво за трговија, производство и услуги
ПРОМЕДИКА ДООЕЛ
Бр. 0307-1282/18
20.07 2018 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-1613
23.07 2018 год.
СКОПЈЕ

**ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ**

склучен на ден __.__.2018 година помеѓу следните

**1. ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија**, ул.Водњанска број 17,Скопје,Република Македонија застапуван(о) од Д-р.Иван Барбов (во понатамошниот текст Набавувач) од една страна,

и Промедика , МБ. 5120276 Скопје.Р.Македонија застапуван од Рајко Лузевски

(во понатамошниот текст Носител на набавката Добавувач) од друга страна.

Член 1

**Предмет на овој Договор е набавка на: ЛЕКОВИ – Нов лек од втора линија за третман на МС (Ocrelizumab 300mg/10ml)**

**- Ocrelizumab - Концентрат за раствор за инфузија - 300mg/10ml**

со Отворена постапка согласно член 65 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонијав бр. 27/15, 78/15, 192/15, 27/16 и 120/16) , која се води во ЕЛЕКТРОНСКА форма а завршува со електронска аукција, за што објави оглас број 05/2018 од 16.05.2018 година, како и согласно елементите содржани во тендерската документација и техничката спецификација како составен дел на Договорот.

**III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**

Член 2

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

**IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 3

Вкупната вредност на договорот ќе се пресметува согласно прифатена Понуда за оглас број **5/2018** од 16.05.2018 год.,и согласно техничката спецификација од тендерската документација.

Вкупната вредност на договорот со ДДВ изнесува **9.346.974,00 денари** .

Во вкупната цена на јавната набавка е засметана вредноста на сродните услуги,увозни царини и данокот на додадена вредност.